# THE RELIGIOUS ISSUE IN THE KINGDOM OF SCS / YUGOSLAVIA

**Rejhan Mandak**
Islamic High School Isa Beg Medresa -Skopje, medreseja.isabeu@gmail.com, rejhanm@yahoo.com

**Abstract:** The period examined in this paper is one of a deep political unrest, including the unsolved national issues and the national inequality of the Macedonian people, as well as of the other people within the new state - the Kingdom of the Serbs, Croats and Slovens/Yugoslavia. In the mentioned period, the Kingdom of SCS/Yugoslavia, with its entire administrative potential, among the other things, set out to impose power over the religious communities among the population of the Vardar part of Macedonia. Due to the significant role and the influence of the religious communities in the society it had, the newly formed state was aware of the fact that its stability would largely depend on a good legal solution of the religious issue. The slow pace of work of the National Assembly of the Kingdom of SCS/Yugoslavia on adopting a religious legislation was a consequence for the total instability and the political struggles that marked the first years of the Kingdom's existence. The condition has clearly changed after the state overthrow in January, 1929. By proclaiming the principle of state and national unity, in order to accomplish those goals, the regime persisted to ensure the support of the religious communities. During 1929 and 1930, laws were passed regarding the Serbian Orthodox Church, the Religious Community of the Jews, the Islamic Religious Community, and the Evangelical-Christian Churches. The unreadiness of the ruling elites and the resistance of the Serbian Orthodox Church prevented the ratification of the already signed Concordat, which detailed the position of the Catholic Church in the Kingdom. This important role the religious communities had on the history of the religions, the law and the politics in the Vardar part of Macedonia represents a fundamental factor and a starting point which influenced our choice of this subject, with a belief that by doing so, it will fill a gap in the Macedonian historiography in the period between the two world wars.
**Keywords:** kingdom, constitution, churches, state, law, religious community.

# ВЕРСКОТО ПРАШАЊЕ ВО КРАЛСТВОТО НА СХС/ ЈУГОСЛАВИЈА

**Рејхан Мандак**
СИУ Иса Бег Медреса-Скопје, medreseja.isabeu@gmail.com, rejhanm@yahoo.com

**Резиме:** Периодот кој се разгледува во овој труд, е период на длабоки политички превирања, тука спаѓаат и нерешените национални прашања и националната нерамноправност на македонскиот народ како и на другите народи во рамките на новата држава - Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Југославија. Во наведениот период Кралството на СХС/Југославија, со целокупниот свој управен потенцијал, меѓу другото, се поставува и кон наметнување на власта во верските заедници меѓу населението во вардарскиот дел од Македонија. Поради значајната улога и влијанието на верските заедници во општеството што го имале, новоформираната држава била свесна на фактот дека нејзината стабилност во голема мерка ќе зависи од добро законско решение на верското прашање. Слаботo темпо на работа во Народното собрание на Кралството на СХС/Југославија за донесувањето на верското законодавство било последица на севкупната нестабилност и политичките борби кои ги обележало првите години од постоењето на Кралството. Состојбата видно се променила по државниот преврат во јануари 1929 година. Прокламирајќи го принципот за државно и национално единство, за остварување на тие цели режимот настојувал да ја осигура и поддршката во верските заедници. Во текот на 1929 и 1930 година донесени се закони за Српската православна црква, Верската заедница на Евреите, Исламската верска заедница како и за Евангелистичко-христијански цркви. Неподготвеноста на владјеачките елити и отпорот на Српската православна црква, ја спречиле ратификацијата на веќе потпишаниот Конкордат, со кој детално била уредена положбата на Католичката црква во Кралството. Ваквата значајна улога што ја имале верските заедници во историјата на религиите, на правото и на политиката во вардарскиот дел на Македонија, претставува основен фактор и појдовен мотив кој влијаеше во нашиот избор на оваа тема, со уверување дека на тој начин ќе се потполни една празнина во македонската историографија за периодот меѓу двете светски војни.
**Клучни зборови:** Кралството, устав, цркви, држава, закон, верска заедница.

**1. ВОВЕД**

Од содржината на овој труд ќе се види дека иако ниедна верска заедница во новоформираната држава Кралството на Србите, Хрватите и Словенците не била државна, сите тие биле органски поврзани со државата: нивното влијание на државната политика – внатрешно и надворешно – било евидентно; и обратно: државните и политичките елити силно влијаеле на работата и дејноста на верските заедници. Конфесиите биле идеолошки додаток и составен дел на буржоазиските национални политики. Имајќи предвид дека во овој период религиското и националното често се идентификувало, влијанието на верските заедници на судбината на националното прашање било изразито силно. Усвоените и признатите конфесии имале еднаков статус пред законот, внатрешните верски прашања самостојно ги решавале, а со финансиите и фондовите управувале во рамките на постоечкиот закон. Комплексната меѓунационална и меѓуконфесионална состојба во новата држава влијаело кај сојузничките сили да го обврзат Кралството на СХС да им го гарантира правото на сите жители на слободно јавно и приватно објавување на одредбите за секоја религија.

**2. ПОЛОЖБАТА НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Заговарачите на идејата и креаторите на планот за создавање на држава во која по завршувањето за Првата светска војна ќе ги опфати сите јужнословенски народи, биле свесни за фактот дека стабилноста на новоформираната држава во голема мера ќе зависи и од правичното решавање на верското прашање. Црквите и верските заедници ја задржале правната положба во која се наоѓале пред да влезат во составот во новоформираната држава Кралството на СХС од 1 декември 1918 година па сè до донесувањето на новиот устав на 28 јуни 1921 година[124]. Со овој устав бил напуштен системот на државни цркви, но не се спроведува доследно принципот на одвоеност на верските заедници од државата. Верските заедници добиле статус на јавни установи со специјална положба во државата и со посебни привилегии како и со овластување во име на државата да извршуваат некои јавни правни работи. Видовденскиот устав, а слични решенија задржал и таканаречениот Октроисан устав од 30 септември 1931 година, ги третира верските заедници за усвоени и признати. Статус на усвоени верски заедници добиле сите верски заедници кои биле законски признати во кои било дел кој влегол во состав на Кралството. Признати биле сите оние кои добиле дополнително законско признавање од органите на државната власт.[125] Усвоени и признати верски заедници биле само: Српската православна црква, католичката со грчко-католичка, Евангелистичката, Исламската и еврејската.[126] Поради многу спорни прашања неразјаснати со Видовденскиот устав и неодреденоста на организациската форма во некои цркви, новата власт од 15 до 21 ноември 1921 година спровела верска анкета меѓу преставниците на православната, римокатоличката, евангелистичката, муслиманската и еврејската вероисповед. Основната цел на анкетата била верските заедници да изнесат ставови и забелешки за својата правна позиција и за односите со органите во новата држава. Оваа анкета имала за цел да помогне да се подготви подобар законски текст за усвоените и признатите верски заедници. Резултатите на анкетите покажале дека верските заедници на различен начин ја оцениле својата правна положба во новата држава, инсистирале да ги задржат претходно стекнатите привилегии и не биле подготвени да ја прифатат меѓусебната рамноправност ниту пак доследното применување на принципот за одвоеност од државата.[127] Неефикасната работа на Собранието на Кралството да го донесе планираното верско законодавство била како последица од севкупната нестабилност и политичка борба кои ги обележиле првите години од

[124] Правната положба на верските заедници во земјите кои влегле во составот на Кралството на СХС претставен е детално во следните текстови: Џ. Слепќевиќ, Историја српске православне цркве, друга книга, Минхен, 1966; Р. Веселиновић., Преглед историје карловачке митрополије од 1695 до 1919 год., 221-240; Преглед историје цркве у старој Србији и Македонији од 1766 до 1919 год., Свети архиерејски синод СПЦ, Београд, 1969, 331-336.

[125] Устав Краљевине Срба, Хрвата и Словенеца (Видовденски устав), член 12, став 3, Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенеца, ванредни број (142а), Београд, 28. јуни1921 година и Устав Краљевине Југославије, чл.11, ст. 1 и 3, „Службене новине" Краљевине Југославије, број 200, Београд 3. септембар 1931 година.

[126] Постојат значајни разлики помеѓу одредени автори за бројот на усвоените и признатите верски заедници во Кралството Југославија, за ова повеќе види во: Р. Радић, (1995): Верон против вере, ИНИС, Београд, 21.

[127] За резултатите од анкетата види во: Р. Кушеј, Вјерска анкета у Београду и њени закључци, Љубљана,1922, 65.

постоењето на новата држава. Состојбата очигледно се променила по државниот удар од 1929 година. Се прокламирало начелото за државно и национално единство, а за остварување на тие цели режимот настојувал да ја осигура поддршката на верските заедници. Во текот на 1929 и 1930 година се донесени законите за СПЦ, за Верската заедница на Евреите, за ИВЗ како и за Реформираната христијанска црква. Неподготвеноста на владејачката елита како и големиот отпор на СПЦ ја спречиле ратификацијата на веќе потпишаниот Конкордат, со кој детално била уредена положбата на Католичката црква во Кралството.

## 3. ДРЖАВНА ПОМОШ И ВЕРСКИТЕ ДАНОЦИ

Имајќи предвид дека Законот предвидел одреден број на верски установи, како и лица од државниот буџет да се префрлат во буџетот на СПЦ, и му било наложено на министерот за правда и на министерот за финансии да донесат посебна уредба за регулирање на тоа прашање. Обврската на државата за побарувањата на црквата се уредила со спогодба меѓу министерот за правда и министерот за финансии и Светиот архиерејски сабор. Износот на надоместокот кој ќе се исплати за една тековна година требало да се уреди со посебна уредба, а ќе може да се промени само со претходна согласност на арихиерејското собрание. Скоро идентична состојба била предвидена и за Исламската верска заедница за установите и лицата што ќе поминат од државен буџет на буџетот на ИВЗ. Со Уредба на двата министра ќе се уреди државната помош од буџетот за ИВЗ земајќи ги предвид сите расходи по финансискиот закон, вклучувајќи ја и сумата која е потребна за покривање на материјалните расходи на врховното верско старешинство во Белград и улема-меџлис во Скопје. Сето ова се однесувало за територията на Србија, Црна Гора и вардарскиот дел на Македонија. Што се однесува за Босна и Херцеговина исламскиот верски дополнителен данок кој според дотогашните законски прописи се натплатувал, ќе се собира и понатаму и ќе се распоредува за предвидените расходи сè додека не се донесат соодветни одредби во Законот. Кога станувало збор за Еврејската заедница, државната помош за неа ќе се уреди со посебна министерска одредба која ќе биде донесена по сослушувањето на Сојузот и здруженијата на Евреите. При одредувањето на сумата за исплата на помошта ќе се увидат реалните потреби, а помошта ќе се уплати на Сојузот и на здружението според бројот на припадници во општините. Доколку политичките општини предвидат помош за верските потреби, должни се да ја вклучат и еврејската општина пропорционално според бројот на нејзините верници. Дополнителниот верски данок кој го плаќаат на државата православните верници, припадници на исламската вера и верниците од друга вероисповед, имаат право за своите потреби да го распишат и патријаршијата, епархијата, одредени црковни општини, верско меарискиот совет, среското ваковско меариски совет и џематски меџлис како и органите на другите верски заедници, но само под услов редовните приходи да не ги надминуваат планираните расходи. Одлука за распишување на дополнителен верски данок за точно утврден период носат органите овластени од страна на Уставот на црквите и верските заедници, а таа стапува на сила кога ќе ја одобри министерот за финансии во договор со министерот за правда. Министерско одобрение не е потребно ако дополнителниот верски данок го распише црковна општина или џематски меџлис како и органите на другите верски заедници под услов одредената сума да не надмине 10% од одредениот државен данок. Одобрение за таков дополнителен данок даваат верските власти назначени со нивниот устав. Одобрениот верски дополнителен данок го собираат органите на државната даночна администрација на идентичен начин како и останатите даноци и им го исплатуваат тримесечно на надлежните црковни и верски власти.[128]

## 4. ДРЖАВНИ ПРИВИЛЕГИ И ОЛЕСНУВАЊА НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Услугите кои ги давале црковните власти во самоуправниот делокруг подлежеле на плаќање на такси во корист на СПЦ. Тие такси биле одредени од страна на надлежните органи со посебен правилник одобрен од министерот за правда во договор со министерот за финансии. Кога се работи за ИВЗ, биле исплатувани такси за сите службени услуги на верските и вакафско-меарифските органи, одредено од вакафско-меарифските совети со посебен правилник кој бил одобрен од надлежните министри. Државните и самоуправните власти, по барање на црковните и верските органи, давале административна помош неопходна за извршување на законските полноважни одлуки и пресуди донесени од надлежните црковни тела и исламските власти. На црковните судови на Српската православна црква им било овозможено за презентација на доказите да бараат правна помош од редовните судови. Кога е во

[128] Повеќе за ова види: Д. Новаковић, Верско законодавство Краљевине Југославије, Зб. Прав. Фак. Свеуч. Риjека. (1991) В.33, бр.2.939-965, (2012).

прашање Еврејската заедница, Законот дополнително ја определува обврската на државните и самоуправните власти да наплатуваат правилно одредени давачки и такси. Службените белешки и поштата на сите црковни и верски власти како и на нивните установи биле ослободени од плаќање поштарина и телеграфска такса. Објекти, згради кој биле наменети за богослужење, црковно-просветни и добротворни установи, институти за црковни и верски потреби, архиерејски, бискупски, манастирски, парохиски и жупаниски домови, станови на активни верски службеници, гробишта како и културно-историски споменици на сите цркви и верски заедници биле ослободени од јавни давачки. Свештените лица како и лицата во монашките редови, лицата кој се поставени да извршуваат исламска верска служба, духовните лица и рабините не биле обврзани лично да извршуваат јавни задачи кои не се во согласност со нивните принципи и служба. Доколку државната власт во рамките на своите надлежности подигне кривична постапка против некое верско лице или верски службеник должна е веднаш да ја извести надлежната црква или верска заедница. Обврската за благовремено известување на надлежниот архиереј, муфтија врховен духовен старешина, врховен рабин, постоела и по донесување на одлука за вината. Свештниците и имамите во државните болници, во казнените и слични заводи како и во други државни установи ги поставува надлежниот министер на предлог на арихиерејот, улема-меџлисот и врховниот духовен старешина. [129]

**5. ВЕРСКИТЕ УЧИЛИШТА**

Образовните и другите органи на Кралството на СХС имале комплексна задача да ја унифицират практиката во верската настава, имајќи предвид дека во составот на новата држава влегле земји со различен културен, економски и севкупен цивилизациски развој. Периодот од формирањето на новата држава до донесувањето на Видовденскиот устав не донел промени, бидејќи верската настава била реализирана според прописите на земјата во чиј состав претходно биле и со поранешните воспоставени стандарди. Член 16 од Видовденскиот устав предевидува дека сите училишта мораат да даваат морално воспитување и да развиваат државничка свест во духот на родното единство и верска толеранција. Во истиот член се наведува дека стручните училишта се отвараат според потребата на дејноста. Уставната можност за верска настава подразбирала продолжување или отворање нови соодветни училишта во кои биле школувани вероучители. Во 1920 година, врз основа на Законот за универзитетот во Белград од 1905 год. е основан Богословски факултет. Богословски факултет на СПЦ е отворен и во Загреб, но во 1924 година бил затворен.[130]Делувале и богословии на СПЦ во Сремски Карловац, Сараево, Призрен, Цетиње, а во вардарскиот дел на Македонија такво богословско училиште имало во Битола. Овие училишта подготвувале свештенички и вероучителски кадар. Властите на новата држава посветиле значајно внимание и на образовниот систем во Исламската заедница кој имал задача да подготвува кадри за изваршување на свештеничка и вероучителска должност. Шеријатска гимназија во Сараево, како училиште од посебен тип, е основана на 8 декември 1918 год. Како подготвително училиште за високо исламско образование, во вардарскиот дел на Македонија е основана Големата медреса на крал Александар во Скопје. Училиштето започнало со работа во 1925 година а наставата во него траела осум години.[131] Со Уредба на министерството за образование од 31 март 1935 година е основана Виша исламска шеријатска теолошка школа. Според Уредбата, училиштето траело осум семестри и имало задача да ги негува исламските шеријатско-теолошки науки и да подготвува кадри за државни, самоуправни и верски служби. Во рамките на Исламската верска заедница дејствувале Гази Хусрев-бегова медреса во Сараево и Иса-беговата медреса во Скопје, кои биле реформирани неколку пати. Католичката црква имала многу развиен образовен систем во кои се подготвувале свештеници за сите црковни должности. Другите верски заедници и цркви својот кадар го школувале во училишта надвор од земјата.[132] Управа и надзор на црковните верски автономни духовни училишта на Српската православна црква и на Исламската верска заедница вршеле надлежни црковни и верски власти. Одлука за нивно основање носел Светиот археирејски синод и надлежната исламска власт, кои пропишувале наставен план и програма за предавање, а исто така поставувале и разрешувале управници на тие училишта.

[129] Повеќе за законодавството во тој период види: Д. Пантић, Српска православна црква Краљевини Југославији 1929-1941, Источно Сарајево, 2006, 39.

[130] За ова види повеќе: Ч. Драшковић, (1961): Четердесет година Богословског факултета у Београду, Богословле, бр.1-2.

[131] За ова повеќе види К. Хаџиќ, (1965): Велика медреса у Скопљу, Поводом 40 годишнице, Гласник Врховнок исламског старешинства, бр.9/10, 11-12.

[132] Д. Новаковић, , Прегледни научни рад Педагогија, LXI, 1, Београд, 2006.

Доколку дојде до основање на евангелистичко училиште, тоа ќе биде под управа и надзор на одредена црковна власт, која ќе решава за негово основање, ќе ги одреди наставниот план и програма за предавање и исто така ќе ги разрешува управниците. Еврејскиот среден теолошки институт има статус на признато верско училиште со кое управува Сојузот на еврејските вероисповедни општини. Доколку сличен завод основа ортодокс, со него ќе управува соодветното здружение. Дипломите стекнати на странските институти ќе ги оценува надлежен рабински синод. Министерот за образование издава одобрение за основање на училиштата а со посебна одлука ги потврдува наставните планови. Светиот архиерејски синод, надлежните исламски верски органи, црковните власти и другите власти ја утврдуваат потребната квалификација на наставникот и воспитачот во тие училишта и донесуваат одлуки за нивно поставување и разрешување. Директен надзор над работата на верските училишта врши надлежниот архиереј, содветниот орган на ИВЗ, а за другите верски заедници нивните врховни духовни старешини, кои имаат обврска да поднесат редовни извештаи на Светиот архиерејски синод, на Улема-меџлисот, како и право да доставуват предлози за поставување на професорски и воспитувачки кадар. На министерот за образование му е доверена надлежноста за врховен надзор на работата на сите верски училишта во Кралството. Законот предвидувал планот и програмата по кои се предава на богословските факултети во состав на државните универзитети, а се однесуваат на православната вера, да ги контролира Светиот архиерејски синод. Доколку се увидат големи неусогласености Синодот има право да започне иницијатива кај министерот за образование за нивно отстранување. Професорите и доцентите на богословските факултети, кои се бираат по Законот за универзитетот во Белград, се поставуваат по утвардувањето на верската подобност на кандидатот од страна на Светиот архиерејски синод. За Исламскиот верски факултет или ако се основа некое друго училиште од тој ранг, врховното исламско старешинство е овластено да преземе мерки за усогласување на планот и програмата за предавање на исламската вера. Исто така и на овој факултет професорите и доцентите се бираат по Законот за универзитетот, а се поставуваат со согласност од Улема-меџлисот дека тие личности се верски соодветни и квалификувани.

## 6. ВЕРСКА НАСТАВА ВО ДРЖАВНИОТ ЈАВЕН ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ

По извршените промени во јануари 1929 година, биле донесени различни закони за кои во претходниот период поради комплексната политичка состојба не било можно да се постигне консензус. Законот за јавните училишта е усвоен на 3 декември 1929 година.[133] Според тој закон науката за верата со морална содржина ставана е на прво место меѓу предметите кои се изучуваат во јавните училишта и била задолжителна за сите признати вероисповеди. Веронаука, според желбата на родителите, предаваат свештеници или учители посебно за секоја конфесија. Утврдено било дека предавачот – вероучител мора да биде државјанин на Кралството на СХС/ Југославија. Вероучителите ги поставува министерот за образование кои ги бира од кандидатите што се предложени од надлежните органи посебно за секоја конфесија. Наградата на вероучителите ја исплатуваат месните верски општини или родителите. Поради добивање на потребните педагошко-методички квалификации, вероучителите биле обврзани да полагаат посебен испит. Било утврдено право на министерот за образование, на предлог на банската управа да го разреши од должност вероучителот доколку се утврди дека тој своите задачи не ги извршува во согласност со важечките педагошки принципи или ако се утврди дека со својот начин на живот и работа им нанесува штета на училиштата. Наставните план и програма за веронаука ги одредува министерот за образование во соработка со министерот за правда. Предвидено е сите вероучители да го знаат државниот јазик задолжително. Наставниците имале обврска во деновите во кои биле одредени од министерот за образование да ги водат децата на служба во верските објекти во зависност од тоа на која конфесија припаѓаат. Вероучителите од претходниот период биле распоредувани со одлука на министерот за образование на нови должности задржувајќиги ги правата кои им припаѓаат според закон.[134] Од одделни одредби на Законот за средните училишта донесен на 31 август 1929 година, се гледа дека веронауката била обврзувачка за сите припадници на признатите вероисповеди. За предавач на веронаука во средните училишта можел да биде поставен кандидат со положен испит за зрелост во средно училиште или во богословија или со завршен богословски факултет. Кандидатот бил должен да

[133] Според одредбите од наведениот закон од 1929 година, јавни училишта се државни установи во кои наставата е општа и обврзувачка на целата територија на Кралството. Биле поделени на основни и виши, кои траеле по 4 години

[134] Закон о народни школама, „Службене новине" Краљевине Југославије, 9 децембар 1929 година, бр. 289.

донесе одобрение од надлежните верски власти дека може да предава веронаука во средните училишта. Издаденото одобрение истиот орган можел да го повлече ако се покаже дека кандидатот ја извршувал службата спротивно на правилата на одредената верска заедница.[135] На верската настава и е посветоно значајно внимание во законите кои се донесени за сите признати вероисповеди. Многу спорни прашања се усогласени и се прифатени барањата наставниот план и програма за тој предмет да се донесат на предлог на надлежните верски органи. Изнесената анализа во верското законодавство во делот кои се однесува на верската настава, јасно покажува постоење на заеднички принципи. Потребата од попрецизно регулирање на сите прашања и изедначување на практиката за јавните и средните училишта, влијаела на законодавецот, па така на 23 јуни 1933 год., е усвоен Закон за верска настава во јавните, граѓанските, средните и учителските училишта во Кралството Југославија. Според член 1 од тој закон верската настава е обврзувачка во наведените училишта и се предава само на учениците од признатите вероисповеди. Наставниот план и програма за реализирање на веронауката ги подготвува министерот за образование во договор со врховното претставништво на одредени вероисповеди во Кралството Југославија а по консултација со Главниот образовен совет. Учебниците за веронаука се подготвуваат и се издаваат во согласност со законот, а Светиот архиерејски синод, Улема-меџлисот, Надлежните црковни власти на другите конфесии, и Сојузот на еврејските вероисповедни општини и Синодот на ортодоксните рабини даваат одобрение во поглед на верските содржини, секој за својата конфесија. Законот за Исламската верска заедница на Кралството Југославија од 31 март 1936 година содржел значајни измени во однос на решенијата од претходниот закон. Преставниците на Улема-меџлис имале право двапати годишно да извршат преглед во сите училишта каде се изучувала исламска веронаука и да утврди дали тоа се извршувало според правилата. Предевањето морало да биде организирано така што нема да може да ги спречи учениците од исламската вера во извршувањето на нивните верски должности. Одредбите во врска со ова ќе ги пропише надлежното министерство во договор со Реис-ул-улема.[136] На признатите верски заедници им биле исполнети сите барања во погледот на верската настава, но тие права треба да ги разгледуваме во контекст на комплексните внатрешни состојби. На државата оптоварена со внатрешни проблеми и била многу потребна поддршката од црквите и верските заедници околу кои се собирале народите.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Верските заедници ја задржале истата положба во која се наоѓале пред да влезат во составот на Кралството на СХС. Ваквата непроменета положба била сè до донесувањето на првиот Устав од 1921 година. Постоењето на повеќе нации и религии во државата биле одлучувачки фактор во 1919 година регентот Александар да издаде Прокламација со која се гарантира рамноправноста на сите признати верски заедници во Кралството на СХС и било потврдено елиминирањето на привелигираната положба и државниот статус на Православната црква која дотогаш го имала во Кралството Србија и Црна Гора, а во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија како интегрален дел од територијата на Кралството Србија. Сето ова било договорено претходно со Крфската декларација. Новиот устав од 1921 година не го спроведувал принципот доследно за одвоеноста на верските заедници од државата. Верските заедници го имале статусот на јавни установи со посебна положба во државата со посебни привилегии. Исто така, имале и овластување во име на државата да извршуваат некои јавно-правни работи, како водење на матични книги, венчавање и слично.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Aleksander Stela, Zivot zagrebackog nadbiskupa Alojzija Stepinca: trostruki mit, TZG P. Golia, Trebinje 1990
[2] Almanah Kraqevine Jugoslavije. 4. Jubilarni svezak 1929 – 1931.
[3] Begović Mehmed, Turkiye Diyanet Vakfi Islam Ansiklopedisi, vol.5, Istanbul 1992
[4] Бобан Љубо , Контраверзе из повјести Југославије 3, Школска књига-Стварност, Загреб, 1990
[5] Диме Славков, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1987
[6] Драгоевић Др. К. , Шематизам Католичке цркве у Југославији, Сарајево, 1939

[135] Закон о народни школама, „Службене новине“ Краљевине Југославије, 9 децембар 1929 година, бр. 217.
[136] Закон о исламкој верској заедници Краљевине Југославије, „Службене новине„ бр. 74-XVI од 31 март 1936 година.

[7] Durmišević Enes, Šerijatsko pravo i nauka šerijatskog prava u BiH u prvoj polovini XX stoleća, Sarajevo, 2008.
[8] Imamović prof. dr. Mustafa, Historija Drzave i Prava BiH, Sarajevo, 1999.
[9] Karčić Dr. Fikret i Karić Enes, Šerijatsko pravo u savremenim drustvama, Sarajevo, 1998.
[10] Karčić Dr. Fikret, Pravna priroda, mjesto i značaj fetve u šerijatskom pravu, Glasnik Rijaseta Islamske zajednice u BiH/u daljem tekstu: Glasnik/, Sarajevo, no. 5-6/1982, pp.473-481
[11] Karčić Dr. Fikret, Opšti pogled na istorijat muftijske službe kod nas, Takvim, Sarajevo, 1987, pp.113-126.
[12] Glasnik Rijaseta Islamske zajednice u BiH/u daljem tekstu: Glasnik/, Sarajevo, no. 5-6/1982, pp.473-481
[13] Лановић Михаило Увод у правне науке, Загреб, 1937
[14] Мојановски Цане, Автокефалноста на Македонската православна црква (документи), Скопје 2004
[15] Muratbegović Nasib, Tumać propisa hanefiskog mesheba o ženidbi, obitelj i nasljetstvu, Zagreb, 1941.
[16] S. K. Goyal, An integrated inventory model for a single supplier-single customer problem, International Journal of Production Research, vol.15, pp. 107-111, 1977.
[17] Мојановски Цане, Автокефалноста на Македонската православна црква (документи), Скопје 2004
[18] Muratbegović Nasib, Tumać propisa hanefiskog mesheba o ženidbi, obitelj i nasljetstvu, Zagreb, 1941.
[19] Purivatra Dr. Atif, Jugoslovenska muslimanska organizacija u politickom zivotu Kraljevine SHS, Sarajevo, 1977.